**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.08.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**Отсутен: д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поради користење годишен одмор).**

**На седницата директорот на Агенцијата го заменуваше м-р Драгица Љубевска, раководител на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет, по овластување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.03-2951/1 од 06.08.2021 година).**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Ивана Никиќ, Сашо Петрушевски, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски е отсутен од седницата поради користење на годишен одмор и заради многу слаба интернет конекција не може да се приклучи.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.08.2021 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 април до 30 јуни 2021 година.

3. Предлог–одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село.
4. Предлог-одлука за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТВ НОВА од Гевгелија.
5. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Кабел Нет од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај за прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
12. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
13. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ.
14. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.
15. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми-НАВС.
16. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.08.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 април до 30 јуни 2021 година објасни дека Советот нема обврска да ги гласа но може да се разгледаат и да се дискутира по нивната содржина.

Г-дин Фиданоски рече дека нема да дава негово мислење за активностите што се наведени во кварталните извештаи бидејќи тие се богати и детални. Постави прашање по однос на доставеното барање за пристап на информации од јавен карактер од страна на радиодифузерот РА Канал 77 за можно учество на презентери на информативни емисии во телешопинг и побара информација до каде е постапката и дали има резултати?

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска објасни дека на доставеното барањето е веќе одговорено. Наведе дека во моментот на изработка на извештајот одговорот се уште не беше испратен до радиодифузерот но сепак е доставен во законскиот рок од 20 дена и е објавен на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Ајдини рече дека и тој не би сакал да навлегува во детали. Наведе дека како и секогаш Агенцијата својата работа ја врши професионално така што и овој извештај е изработен реално и професионално. Со тоа Агенцијата како и секогаш е на висина на својата задача.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска ја образложи Предлог–одлуката за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село. Објасни дека оваа одлука следи по објавувањето на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување а на којшто му претходеше поднесено барање на кандидатот и е во согласност со изработената Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво. Крајниот рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 22 јули оваа година кога кандидатите требаше да поднесат пријава во рок од 90 дена сметано од првиот ден од денот на објавување во Службен весник. Заклучно со рокот односно 22 јули до Агенцијата беше доставена една пријава со придружна документација, а јавното отворање на оваа документација беше на 29 јули. Во периодот што следеше помеѓу 30 јули и 11 август од страна на надлежните сектори се пристапи кон оценување на поднесената пријава од јавниот конкурс и беше констатирано дека пријавата е уредна. Вкупниот број на доделени бодови изнесува 87 како што е наведено и во самиот извештај за оценување на пријавата изготвен од страна на Агенцијата и беше утврдено дека ги исполнува условите кои беа пропишани во јавниот конкурс. Поради тоа се предлага Советот да донесе одлука за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Ново Село.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат,

на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село, на кандидатот-физичкото лице Горанчо Тасев од Струмица, со адреса на живеење во с.Сушица, ул.бр.259, општина Ново Село, Струмица, со текст како што беше предложена одлуката.

Радио програмскиот сервис ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, и тоа: 107.4 MHz.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на АААВМУ.

Г-дин Петрушевски по гласањето на идниот радиодифузер му посака успех во работењето.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТВ НОВА од Гевгелија. Објасни дека постапката се покрена на 22 јули оваа година, и потоа од радиодифузерот се побара до Агенцијата да ги достави сите податоци што се од значење за понатамошното одлучување на Агенцијата. Постапката беше покрената поради тоа што лицето кое е основач и управител на ТВ Нова од Гевгелија се констатира дека истовремено е основач и управител на Друштво за реклама и пропаганда што е спротивно на член 99 од Законот. За релативно краток период радиодифузерот ја достави во Агенцијата оригиналната речиси целокупна книговодствена евиденција од Друштво за реклама и пропаганда НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија и во пропратното писмо наведе дека ги доставува сите документи и од нив ќе може да се види дека ова друштво воопшто не остварувало приходи од пропаганда и реклама туку дека сите приходи се од изнајмување на одредена просторија на Мрзенски рид. Наведе дека секторот направил увид во доставените документи и рече точно е дека фактурите што се доставени во тој класер сите се од наемнина за изнајмување простор, меѓутоа во официјалните документи во завршната сметка во делот биланс за успех, на самиот крај има еден дел каде што секој што ја поднесува завршната сметка треба да наведе од која дејност се остварени претежно, најголемиот дел од приходите. И таму самите си имаат наведено дека е од огласување преку медиуми. Оттука и во тековната состојба претежна шифра на дејност стои огласување во медиуми. Од друга страна Агенцијата не е овластен ревизор да прави ревизија на книговодството. Поради тоа што фактичката состојба е таква да ова друштво претежна шифра на дејност има огласување преку медиуми и основачот и управителот на тоа друштво истовремено е основач и управител на телевизија, предлогот е да се констатира дека постои недозволена медиумска концентрација, со рок од 90 дена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот. На кој начин тоа ќе го стори, ќе биде негова бизнис одлука, дали ќе ја задржи телевизијата и ќе се откаже од тоа друштво за реклама и пропаганда или обратно.

Г-дин Петрушевски праша, доколку во извештајот од Централен регистар имаше нула приходи од втората дејност што не е за телевизија, дали Агенцијата и покрај тоа согласно Законот ќе поведеше постапка за недозволена медиумска концентрација?

Раководителката Довлева одговори дека доколку беше така ќе немаше можност да се поведе постапка затоа што ако имаше нула приходи ќе стоеше друга претежна шифра на дејност од која што ги остварил приходите на пример трговија или слично и со тоа автоматски во Централен регистар приходната шифра на дејност ќе се сменеше. Значи може да се регистрира трговско друштво со една приходна претежна шифра на дејност но доколку на крајот на годината книговодствено се прикаже дека од друга шифра на дејност се остварени најголем дел од приходите, претежната шифра на дејност ќе се промени.

Г-дин Петрушевски рече дека радиодифузерот треба самиот да докаже дека не го крши Законот и доколку има грешка во записите од Централен регистар требало навремено да проба да ја исправи. Објасни дека и тој од материјалите забележал дека навистина сите многубројни фактури што ги доставил стотици страни се од изнајмување на тој простор. Посочи дека мерката што следува после 90 дена навистина е сериозна. Тоа значи дека ако не се усогласи со Законот, Советот е должен да му ја одземе дозволата за телевизијата. Од таа причина рече дека неговите прашања се толку детални. Хипотетички ако Советот ја изгласа мерката како што налагаат документите, радиодифузерот ќе има на располагање 90 дена проблемот да го реши, дали со Централен регистар или со себе. Во минатото од други вакви случаи имаше пример кога едната фирма сопственикот ја подарувал на некој член на семејството или ја продавал на друга личност, така се решавал проблемот. Локалните медиуми како што е телевизја Нова од Гевгелија секако се во тешка ситуација, со Ковид пандемијата се во уште потешка ситуација и секој денар го штедат. Ако започне оставинска постапка ќе има додатни трошоци, но подобро е тоа да го направи отколку да му се одземе дозволата. Г-дин Петрушевски ги замоли сите да се вклучат во дискусијата затоа што заеднички треба да ја донесат одлуката.

Раководителката Довлева објасни дека не може на член на семејство да ја подари или пренесе фирмата затоа што и тоа преку поврзани лица претставува недозволена медиумска концентрација. Објасни дека разговарала со сопственикот и дека тој е веќе информиран и навел дека ќе најде начин како ќе го реши проблемот. Има време и да размисли и да преземе соодветни активности и тие 90 дена се сосема доволни да си донесе одлука и да постапи по неа.

Г-дин Петрушевски рече дека идеален случај би бил за Агенцијата како надлежно тело и за него како сопственик на медиумот да го реши ова во тие 90 дена на начин што телевизијата ќе продолжи да постои а проблемот што го прави со Законот ќе го отстрани. Тоа би било идеално решение.

Г-дин Трајчев објасни дека ги разгледал темелно материјалите што се пратени по точката, целата документација. И согласно документацијата, според него произлегува, тоа е неговото мислење и така ќе се произнесе на крај, дека Советот како форма и начин нема што да постапи во моментот затоа што има нејасна позиција на документи каде што при основањето на едно правно лице, на едно трговско друштво, на почеток секој сам определува која ќе биде претежна дејност, односно што планира да работи друштвото. Но со тек на работењето Централниот регистар по поднесување

на завршните сметки автоматски ја определува претежната дејност по однос на приходот кој што е најголем во годината која што изминала. Тоа е официјален податок а Агенцијата мора да се базира на официјални податоци и мора да се прифати тоа што е запишано во тековната состојба во Централен регистар како информација за работењето на друштвото. Законот јасно налага во ситуации каде што има ваква позиција на две друштва кои што имаат такви дејности кои се поврзани со сопственоста и во управувањето во овој конкретен случај, да Советот мора да преземе вакви мерки. Но доколку постои некаква грешка како што тврди радиодифузерот тогаш има начин тоа да го коригира во Централен регистар, но доколку не се коригира во овој рок кој од 90 дена, на Советот должност и обврска според Законот е да постапи според официјалните документи. Право на радиодифузерот е понатаму на кој начин ќе постапи, дали ако постои евентуална грешка во информацијата ќе ја коригира, ќе се смени претежната дејност на друштвото и на тој начин ќе се промени фактичката состојба на основ на која Советот носи одлука или ќе преземе дејствија за пренесување на сопственоста на некое друго лице или ќе постапи на начин за кој смета дека е најсоодветен за него. Во овој случај Советот во однос на фактичката состојба која е приложена, утврдена по доставена документација која ја разгледале, според него и така и ќе гласа, начинот на кој може да постапат е единствено тој, документите тоа го покажуваат, нема друг основ да постапат различно иако има некои документи кои се доставени како доказ, но тие документи не можат да ги земат предвид затоа што има официјален документ од надлежен државен орган кое го покажува спротивното. Има начин тоа да се коригира доколку е грешка а доколку не е грешка да си постапи согласно Законот, да ги отстрани основите за поведување на оваа постапка.

Г-дин Фидановски рече она што го навел г-дин Трајчев во еден дел од неговата дискусија сакал и тој тоа да го каже и затоа нема да се повторува. Објасни дека само ќе дополни дека решението за него е едноставно. Во овој рок треба или да се откаже од управител на радиодифузер или во друштвото за огласување во медиуми и така би ја задржал дозволата за телевизијата и би го исполнил условот да нема медиумска концентрација. Рокот е сосема доволен. Дополнително рече дека ќе ја постави дилемата, не сака да изгледа дека е сомничав, но радиодифузерот доставил документи од над 200 страни, и која е гаранцијата дека сите тие фактури што ги доставил се само тие, дека нема и други фактури од остварување на приходи од огласување на медиуми. Треба да веруваат на чесен збор но не можат затоа што самите документи како што кажал г-дин Трајчев, од официјална институција укажуваат дека тој практично остварува приходи од дејноста огласување преку медиуми што е недозволиво спрема актуелниот Закон да биде поврзано со радиодифузерот. Од тие причини се согласува и ќе го поддржи предлогот да се поведе постапка и има доволно време радиодифузерот да ја отстрани таа недоследност.

Г-дин Петрушевски рече дека тројцата членови кои се вклучија во дискусијата и раководителката Довлева и Стручната служба многу сериозно пристапиле кон овој проблем бидејќи знаат што може да следи. Затоа е многу внимателен инаку нема дилеми ќе постапи како г-дин Трајчев и г-дин Фидановски односно ќе го поддржи предлогот на службата. Намерата му била уште еднаш сите да се уверат дека се во една правилна насока.

Г-дин Трајчев рече она што го кажал г-дин Фидановски, треба да се провери по Закон како е, веројатно и стручната служба подобро ќе каже, а добро е и да го

советуваат радиодифузерот, дали е само управувањето или и сопственоста е тоа што треба да се промени, мисли дека е и сопственоста, но рече да се провери добро за да не бидат доведени на некој начин во она што го кажал г-дин Фиданоски. Смета дека управувањето не е доволно но стручната служба ќе каже прецизно и при тоа да го посоветуваат радиодифузерот да си постапи согласно Законот, но и радиодифузерот треба да го знае Законот како и секое правно и физичко лице во државата, но сепак заради записникот и заради евентуално да не настане некоја грешка да се прецизира оваа работа и ако може и стручната служба да даде свое видување.

Г-дин Петрушевски рече ако Советот донесе позитивна одлука на доставениот предлог и го усвојат, ќе треба најбрзо што може да се извести медиумот односно сопственикот на двата субјекти и да му се пружи целата помош од службата. Тој веќе е во контакт со раководителката Довлева но ако има потреба и со некој друг од службата и директорот ќе биде тука, така што очекува за 90 дена ова да се реши позитивно, и медиумот да остане да работи а при тоа да се острани недозволената медиумска концентрација.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, поради тоа што физичкото лице Ѓорѓе Цундов, кое е сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложена одлуката.

Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија во рок од 90 дена од денот на приемот на Одлуката, да ја отстрани недозволената медиумска концентрација и да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на АААВМУ.

Г-дин Петрушевски ја замоли службата веднаш да се ангажираат и да се извести сопственикот со цел ова да се реши позитивно.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со точката потсети дека пред седницата до членовите на Советот е доставен пречистен текст на предложениот правилник. Претходно имаше барање од одредени членови на Советот, можеби од г-дин Трајчев, во вакви случаи да се обезбеди и пречистен текст и тоа е и направено, за да се има јасен увид во целокупниот материјал.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска рече дека на почетокот ќе даде еден општ вовед, а доколку има прашања на седницата се присутни офицерите за заштита на лични податоци и раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи кои ќе дадат одговор. Објасни дека до Советот е поднесен предлог за

изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради тоа што е донесен нов Закон за заштита на лични податоци кој стапи на сила на 25 февруари 2020 година и беше предвиден рок од 18 месеци за негово усогласување и имплементација. Согласно овој Закон треба да се усогласи работењето на контролорите и на обработувачите но исто така треба да се изменат и подзаконските акти за да бидат во согласност со одредбите со Законот за заштита на лични податоци. Законот определува во кој случај може да се обработуваат лични податоци и кои принципи мора да се почитуваат во тој процес. Понатаму се промовира обврската на отчетност односно обврска на компаниите и институциите да можат да ја докажат својата усогласеност со Законот, се зајакнува позицијата на офицерот за заштита на личните податоци, се воведува обврска за компаниите за задолжително известување на Агенцијата за заштита на личните податоци во случај на настан кој што може да претставува нарушување на безбедноста на личните податоци и се зголемува висината на прекршоците од 2% односно во висина од 4% од вкупниот годишен приход на контролорот односно на обработувачот во зависност од сериозноста на прекршувањето кое што е направено. Главните измени се дека се менува нивото на безбедност на заштита на личните податоци односно техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. Тие сега се класифицираат во две нивоа, во стандардно и високо ниво. Голем фокус во правилникот е посветен на зајакнување на техничките и организациските мерки за пристапот до информацискиот систем и за обезбедување на опремата на која што се врши обработката на личните податоци. Направена е сегрегација на должности и одговорности, а особено внимание е посветено на заштита на внатрешната мрежа на контролорот односно на Агенцијата, се воведува нов криптографски протокол за веб страницата и предвидени се и дополнителни мерки во случај на безбедност на лични податоци од високо ниво. Согласно правилникот се менува и изјавата каде што се направени измени во однос на преамбулата. Други измени нема, меѓутоа неопходно е правилникот да биде во согласност со новиот Закон.

Г-дин Петрушевски рече дека ова излагање не би го нарекол општо, затоа што навистина беа детално образложени измените во правилникот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-5734/1 од 19.11.2014 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Кабел Нет од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека станува збор за редовен програмски надзор спроведен на 18 август 2021 година.

Со надзорот се констатира дека овој оператор спротивно на член 141 од ЗААВМУ без претходно да го регистрира во Агенцијата го реемитува програмскиот сервис „FilmBox Extra". Поради тоа предлогот е да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи веднаш по приемот на решението да престане да го реемитува програмскиот сервис односно да го исклучи.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3153/1 од 19.08.2021 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Р.С. Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „FilmBox Extra" кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 7, 8, 9 и 10**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова во врска со 8-те предложени точки за јавни опомени, објасни дека станува збор за прекршувања констатирани во рамките на редовен програмски и административен надзор спроведен согласно годишната програма за програмски и административен надзор врз примерок од 6 регионални програмски сервиси од различни делови на државата. Кај 4 од нив се констатирани прекршувања. Најголемиот дел од нив се предложени денес за разгледување и само еден извештај од ТВ Сити ќе остане за наредна седница затоа што имаше проблем во доставување на извештајот па се уште тече рокот за изјаснување. Извештаите кои денес се разгледуваат сите се успешно доставени до радиодифузерите, сите се поканети да се произнесат со нивно образложение зошто дошло до ова прекршување и тројца од нив се произнеле. Во врска со прекршувањата за ТВ Едо, објасни дека радиодифузерот има направено прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ, на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники и на член 14 од Законот за медиуми.

*Гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2823/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ затоа што на 6 јули 2021 година, емитуваната забавно-документарна емисија „In magazin" не е означена со предупредувачка сигнализација за – „*програма во која се пласирани производи*", а на пласираната услуга во програмата и се придава претерана важност и се поттикнува нејзино користење.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2809/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 7 јули 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2824/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, затоа што на 6 јули 2021 година, емитувани се поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не поминува пропишаниот период од 15 минути.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 98 став 2 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 10*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-2829/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 6 јули 2021 година, во изданијата на емисиите: „*In Magazin*“ и „*Топ 20*“, не ги објави податоците за импресумот, кои е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин му се наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 11 и 12**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека кај ТВ Сити се утврдени две прекршувања. Едното е на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица односно анимираниот филм „Бајка – Принцот кој бараше бесмртност" не е означен со предупредувачка сигнализација за програмата што се прикажува. Вториот прекршок се однесува на прекршување на член 14 од Законот за медиуми односно во неколку емисии не ги објави податоците за импресумот, за кои е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. За овој прекршок телевизијата се произнесе дека станува збор за техничка грешка поради некомпактибилност на фајловите. Предлогот е да се изрече мерка јавна опомена бидејќи нема прекршување на овие две одредби во текот на оваа година и во соодветен временски рок да се усогласи со Законот пред да се направи контролен мониторинг.

*Гласање по Точка 11*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2821/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 6 јули 2021 година, премиерите и репризите на играниот, анимиран филм „Бајка – Принцот кој бараше бесмртност" не беа означени со предупредувачка сигнализација за програмата што се прикажува.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-2827/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 6 јули 2021 година, во изданијата на емисиите: „Сакраментум“, „Фокус“, „Во добра форма“, „Сити Ролл“, „RPM.mk“ и „Бајка“ – реализирани низ различни ТВ-жанрови и со различна програмска функција, не ги објави податоците за импресумот, кои е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 13**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето се однесува на тоа дека не го исполнил условот односно не емитувал половина од изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Според мониторингот на Секторот емитувал 45 минути и 32 секунди помалку од потребното. Радиодифузерот се произнесе со објаснување дека кај нив има поинаква пресметка, меѓутоа и според нивната пресметка не е исполнет тој услов. Предложена е јавна опомена бидејќи е прво вакво прекршување оваа година, со рок од 30 дена да се усогласи пред контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2811/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ, затоа што на 7 јули 2021 година, не емитуваше половина од изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-

6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 14**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники. Објасни дека прекршокот се однесува на тоа дека во неколку емисии не е почитувано правилото односно дека беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. Предложена е јавна опомена бидејќи е прво вакво прекршување оваа година со рок од 15 дена да се усогласи пред контролен надзор. Се има произнесено во кое кажува дека се работи за програми од туѓа продукција и дека во најкус можен рок ќе ги известат продуцентите да ги отстранат проблемите и дека станува збор за постари емисии.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година и едногласно заклучи на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, затоа што на 8 јули 2021 година, во забавно-документарните емисии: „ВИП на еден ден“, „Од кое село е баба ти“ и „Мастраф муабет“, беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 98 став 2 од ЗААВМУ и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 15**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми-НАВС. Објасни дека целта на јавната набавка е да се обезбеди континуирана апликативна поддршка за одржување на постоечкиот систем и надградба на постоечките и евентуално развој на нови функционалности. Износот е 800 илјади денари без ДДВ, предвидена е во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година, а средствата од 400 илјади денари се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно останатите 400 илјади денари ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2022-та година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка-услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми-НАВС, за период од 2 (две) години.

**Точка 16**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3165/15**
**01.09 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**